Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-355/5
21 04 22
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 5 став 3, 4 и 5 од Законот за Јавни претпријатија (Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/22), и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 21.04.2022 година ја донесе следнава:

# **О Д Л У К А**
## **за усвојување на Тримесечниот Извештајот од работењето на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 год**

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука усвојување на Тримесечниот извештајот од работењето на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2022 до 31.03.2022 год.

***Член 2***

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до Градоначалникот на Град Скопје и Советот на Град Скопје заради добивање на согласност и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 21.04.2022 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Татјана Петрушевска

Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-355/5
21.04.2022 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

# ИЗВЕШТАЈ

## За работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за перид 01.01-31.03.2022 година

# ВОВЕД

Во првиот квартал од годината, ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 6.441.439.00 денари.
Приходите заклучно 31.03.2022 година изнесуваат 59.296.629,00 денари.
Расходите се на износ 52.855.190,00 денари.
Составен дел на овој Извештај е Биланс на успех и Биланс на состојба.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2022 ГОДИНА

| ПРИХОДИ – кл. 7 | 2022 година | 2021 година |
|---|---|---|
| | | |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 51,102,545.00 | 48.780.441,00 |
| | | |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2,359,203.00 | 4.739.829,00 |
| | | |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 5,834,720.00 | 631.597,00 |
| | | |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 161.00 | 197,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **59,296,629.00** | **54.152.064,00** |

| РАСХОДИ – кл.4 | 2022 година | 2021 година |
|---|---|---|
| | | |
| ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 5,871,799.00 | 2.383.610,00 |
| | | |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 7,865,443.00 | 11.344.437,00 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И | | |
| ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ | 33,844,360.00 | 30.841.151,00 |
| | | |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 3,324,719.00 | 2.748.280,00 |
| | | |
| ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 1,861,848.00 | 1.880.877,00 |
| | | |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 54,018.00 | 91.165,00 |
| | | |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 33,003.00 | 19,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **52,855,190.00** | **49.289.539,00** |

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2022 ГОДИНА | 2021 ГОДИНА |
|---|---|---|
| Вкупно приходи | **59,296,629.00** | **54.152.064,00** |
| Вкупно расходи | **52,855,190.00** | **49.289.539,00** |
| Добивка | **6,441,439.00** | **4.862.525,00** |

# ПРИХОДИ

Приходите за период 01.01- 31.03.2022 година изнесуваат 59.296.629,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 51.102.545,00 ден.
- Сектор Пајак 2.359.203,00 ден.
- Останати приходи 5.834.720,00 ден.
- Финансиски приходи 161,00 ден.

## ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2022 година | 2021 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| **1. затворени паркинзи** | 19.326.659,00 | 17.856.158,00 | 1.470.501,00 | 1,08 |
| **2.зонско паркирање** | 25.371.689,00 | 24.544.957,00 | 826.732,00 | 1,03 |
| **3.катна гаража-Беко** | 4.479.994,00 | 4.361.160,00 | 118.834,00 | 1,03 |
| **4.катна гаража-26-ти Јули** | 1.924.203,00 | 2.018.166,00 | -93.963,00 | 0,95 |
| Вкупно приходи: | **51.102.545,00** | **48.780.441,00** | **2.322.104,00** | **1,05** |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 2.322.104,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 1.470.501,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 826.732,00 денари. Најзначителен пораст на приходите во рамките на зонското паркирање бележиме кај претплатите за паркирање и кај доплатните карти .

Катната гаража „Беко" има реализирано приходи во висина од 4.479.994,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи приходи на износ од 1.924.203,00 денари. Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катната гаража „Беко" се

зголемени за 118.834,00 денари, додека кај катната гаража „26-ти Јули" приходите се намалиле за 93.963,00 денари.

Катната гаража „Беко" бележи поголеми приходи во споредба со катната гаража „26-ти Јули" заради својата местоположба односно, локација во строгиот центар на градот.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2022 година | 2021 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| **1. дневен промет** | 2.358.355,00 | 4.734.745,00 | -2.376.390,00 | 0.50 |
| **2.фактурирана услуга** | 848,00 | 5.084,00 | -4.236,00 | 0,17 |
| Вкупно приходи : | **2.359.203,00** | **4.739.829,00** | **2.380.626,00** | **0.50** |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 2.359.203,00 денари и е помал во споредба со минатата година за 2.380.626,00 денари. Наплатени се вкупно 1.562 возила . Во првиот квартал од минатата година, реализиран е приход на износ 4.739.829,00 денари односно, наплатени се 2.816возила.

Падот на приходот кај овој сектор се должи на недоволната соработка со МВР во врска подигање на непрописно паркирани возила.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2022 година | 2021 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| **од отпишани побарувања и обврски** | 17.737,00 | 15.147,00 | 2.590,00 | 1.17 |
| **од парични субвенции и субвенции дадени во опрема** | 5.382.902,00 | 423.981,00 | 4.958.921,00 | 12.70 |
| **од наплатени судски трошоци** | 10.144,00 | 14.275,00 | -4.131,00 | 0.71 |
| **од наплата на штети** | 48.542,00 | 149.817,00 | -101.275,00 | 0.32 |
| **од др.надомест,вонред.приходи** | 375.395.00 | 28.377,00 | 347.018,00 | 13.23 |
| Вкупно приходи : | **5.834.720,00** | **631.597,00** | **5.203.123,00** | **9.24** |

Во првиот првиот квартал од годината остварени се останати приходи на износ 5.834.720,00 денари.

Истите произлегуваат од наплата на отпишани побарувања и обврски 17.737,00 денари; приходи од парични субвенции на износ 5.000.000,00 денари како и субвенции и донации дадени во опрема 382.902,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 10.144,00 денари приходи од наплата на штети 48.542,00 денари како и други приходи на износ 375.395,00 денари .

Од прегледот се забележува дека во првиот квартал од годината се реалзирани субвенциите за потешкотрии во работење па оттука и зголемувањето на износот кај оваа категорија приходи.

Во првиот квартал од годината претпријатието ги искористи субвенциите со цел исплата на дел од обврската за комунална такса за период 01.01.2020-30.06.2020 година на износ 6.729.147,00 денари.

## *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец март бележиме приходи на износ 161,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите заклучно 31.03.2022 година се на износ 52.855.190,00 денари.

## *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| опис | 2022 година | 2021 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 59,103.00 | 34,369.00 | 24,734.00 | 1.72 |
| **Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички** | 438,517.00 | 366,427.00 | 72,090.00 | 1.20 |
| **ел.енергија,парно** | 4,724,709.00 | 1,207,337.00 | 3,517,372.00 | 3.91 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 501,653.00 | 623,457.00 | -121,804.00 | 0.80 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 147,817.00 | 152,020.00 | -4,203.00 | 0.97 |
| **вкупно:** | **5,871,799.00** | **2,383,610.00** | **3,488,189.00** | **2.46** |

Материјалните трошоци во првиот квартал од годината изнесуваат 5.871.799,00 денари. Оваа група на трошоци, споредена со минатата година, е поголема за 3.488.189,00 денари. Во оваа група трошоци спаѓаат: потрошни- помошни материјали и средства за чистење 59.103,00 денари, канцелариски материјали, фискални ролни и бар код хатртија, чип и греб картички 438.517,00 денари, електрична енергија и парно 4.724.709,00 денари, гориво 501.653,00 денари како и трошокот за инвентар, автогуми и ХТЗ опрема 147.817,00 денари.

Од прегледот може да се види дека порастот на оваа група трошоци се должи пред се на зголемување на трошокот за електрична енергија како последица на енергетската криза и енормно зголемените цени на електричната енергија.

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| опис | 2022 година | 2021 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 453,877.00 | 445,903.00 | 7,974.00 | 1.02 |
| **Услуги за тековно одржување** | 263,520.00 | 1,954,645.00 | -1,691,125.00 | 0.13 |
| **Услуги за одржување на ситен инвентар** | 0.00 | 7,590.00 | -7,590.00 | - |
| **Услуги за одрж.нематеријални средства** | 156,732.00 | 145,572.00 | 11,160.00 | 1.08 |
| **Услуги за инфо табли/ бележење** | 61,091.00 | 612,002.00 | -550,911.00 | 0.10 |
| **Тршоци за наем,вложување во туѓ имот** | 661,492.00 | 1,746,592.00 | -1,085,100.00 | 0.38 |
| **Комунални услуги** | 837,732.00 | 933,941.00 | -96,209.00 | 0.90 |
| **Останати услуги** | 159,417.00 | 194,334.00 | -34,917.00 | 0.82 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 3,802,708.00 | 3,722,877.00 | 79,831.00 | 1.02 |
| **Останати услуги - времени вработувања** | 1,468,874.00 | 1,580,981.00 | -112,107.00 | 0.93 |
| вкупно: | **7,865,443.00** | **11,344,437.00** | **-3,478,994.00** | **0.69** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 7.865.443,00 денари односно, бележиме пад на трошоците за 3.478.994,00 денари во споредба со 2021 година .

Значителен пад на трошоците бележиме кај тековното одржување и во најголем дел падот е последица на тоа што не се евидентирани трошоци за одржување на паркинг системите како резултат на тендерската постапка за оваа услуга која е во завршна фаза.

Кај услугите со материјален карактер исто така бележиме пад од причина што минатата година направени се трошоци за бележење , додека пак во овој квартал не е евидентиран ваков трошок. Реализирани се услуги за изработка на инфо табли.

Трошоците за наем се речиси на исто ниво како и минатат година но во овој квартал не се вршени услуги за дефектажа на системот за гасење на пожари .Исто така минатата година е вградувана противпожарна опрема заради што трошоците биле значително поголеми.

Кај комуналните услуги исто така бележиме пад на трошоците како резултат на пониските цени по кои се засметува услугата за сервисирање на тоалетните кабини

Поголем е трошокот за одржување на системот за зонско паркирање од причина што остварен е поголем промет во овј квартал од годината споредено со минатат година. Трошокот за времени вработувања исто е помал како резултат на помал број ангажирани лица преку агенција за времени вработување во споредба со истиот период на минатата година . Заклучно месец март ангажирани се 26 лица преку агенција за времени вработувања.

---

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| опис | 2022 година | 2021 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 33,789,135.00 | 30,671,304.00 | 3,117,831.00 | 1.10 |
| **отпремнина** | 0.00 | 113,186.00 | -113,186.00 | - |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 6,666.00 | 56,661.00 | -49,995.00 | 0.12 |
| **Помош на вработени** | 48,559.00 | 0.00 | 48,559.00 | - |
| вкупно: | **33,844,360.00** | **30,841,151.00** | **3,003,209.00** | **1.10** |

Трошокот за плати изнесува 33.789.135,00 ден. и е поголем во споредба со минатата година за 3.117.831,00 денари .Заклучно месец март бројот на вработени во јавното претпријатие изнесува 263 лица. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 252 лица. Трошокот за плати варира и како резултат на флуктуации на вработените по основ на користење боледувања, неплатени отсуства, отказ, пензионирање итн. заради што трошокот на плата соодветно се менува.

Во трошокот за плати се вклучени и надоместоците на вработените по основ јубилејна нагарада за 10 години непрекинат стаж во претпријатието. Такво право оствариле двајца вработени за што исплатени се 6.666,00 денари со вклучен данок на личен доход. Исплатена е и парична помош за лекување за еден вработен на износ 48.559,00 денари.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 3.324.719,00 денари и е поголем во спредба со минатата година за 576.439,00 денари кога истиот изнесувал 2.748.280,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| опис | 2022 година | 2021 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **др.надоместоци на вработени,обуки исл.** | 0.00 | 3,525.00 | -3,525.00 | 0.00 |
| **хонорари на управен и надзорен одбор** | 466,671.00 | 477,147.00 | -10,476.00 | 0.98 |
| **репрезентација** | 47,445.00 | 57,008.00 | -9,563.00 | 0.83 |
| **трошоци за осигурување** | 197,333.00 | 240,962.00 | -43,629.00 | 0.82 |
| **банкарски провизии** | 118,780.00 | 107,462.00 | 11,318.00 | 1.11 |
| **трош за ДДВ,чланарини и адм.такси** | 808,706.00 | 648,934.00 | 159,772.00 | 1.25 |
| **користење права** | 80,775.00 | 69,500.00 | 11,275.00 | 1.16 |
| **Останати трошоци на работењето** | 142,138.00 | 276,339.00 | -134,201.00 | 0.51 |
| **вкупно:** | 1,861,848.00 | 1,880,877.00 | -19,029.00 | 0.99 |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 1.861.848,00 денари. Ако се споредат со минатата година кога изнесувале 1.880.877,00 денари, се забележува незначително намалување на трошоците за 19.029,00 денари.

Во групата спаѓаат следните трошоци: надоместоци на органите на управување 466.671,00 денари, репрезентација 47.445,00 денари, осигурување 197.333,00 денари, банкарски провизии 118.780,00 денари, трошок за ДДВ 808.706,00 денари, членарини 4.800,00 денари и административни такси 13.013,00 денари; трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери 80.775,00 денари како и останати трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 142.138,00 денари а во која спаѓаат трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги, договор на дело,трошоци за огласување и претплата на весници и стручни списанија итн.

## *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 54.018,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации на износ од 34.098,00 денари како и дополнително утврдени трошоци од минати години на износ 19.920,00 денари

## *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 33.003,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ електрична енергија, телефон и поштенски услуги.

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2022 ГОДИНА

| **АКТИВА** | **2022 година** | **2021 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА** | 60,156,660.00 | 54.333.389,00 |
| **кл.00** | | |
| | | |
| **2.ЗАЛИХИ** | | |
| **кл.3** | 1,971,334.00 | 2.388.346,00 |
| | | |
| **3. ОБРТНИ СРЕДСТВА** | 52,763,173.00 | 44.185.063,00 |
| **кл.1** | | |
| | | |
| **4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | 504,517.00 | 510.295,00 |
| **кл.1 гр.19** | | |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **115,395,684.00** | **101.417.093,00** |

| **ПАСИВА** | **2022 година** | **2021 година** |
|---|---|---|
| **1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ** | | |
| **Државен јавен капитал** | 153,052.00 | 153.052,00 |
| **Останат капитал** | 0.00 | 0,00 |
| | | |
| **2.Законски резерви** | 15,305.00 | 15.305,00 |
| | | |
| **3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години** | 41,001,516.00 | 39.812.013,00 |
| | | |
| **4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА за прв квартал** | 6,441,439.00 | 4.862.525,00 |
| | | |
| **5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | 57,507,124.00 | 44.863.811,00 |
| **кл.2** | | |
| **6.Одложени плаќање на приходи и расходи** | 10,277,248.00 | 11.710.387,00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **115,395,684.00** | **101.417.093,00** |

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 31.03.2022 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 31.03.2022 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 60.156.660,00 денари вклучувајќи ги и основните средства евидентирани во подготовка кои сеуште не се ставени во функција.

Во текот на првите три месеци месеци од годината претпријатието инвестираше - набави нови средства ,опрема во износ од 2.683.320,00 денари. Се работи за две нови патнички моторни возила Шкода Скала чија постапка за набавка беше отпочната во текот на 2021 година.

## *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 1.971.334,00 денари.

Од нив, 921.579,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: „ад блу" течност за потребите на сектор пајак, лед цевки и лед светилки за осветлување, кружни четки за потребите на машините за чистење, канцелариски материјал и обрасци, чип и греб картички, рибони, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.

Залиха на ситен инвентар 424.402,00 денари се состои претежно од залиха на блокатори за потребите на зонско паркирање, канцелариски мебел, батерии за мотороли, полначи за ПДА уреди, паркинг клешти, алат,радијатори,панелна греалка,сет за прва помош итн.

ХТЗ опрема Претпријатието има на залиха во вредност од 143.577,00 денари и истата се состои од заштитни ракавици, летни пантолони, поло маици, одела за дожд, флуоросцентни елечиња, чевли,кабаница итн.

На залиха имаме и автогуми чија вредност изнесува 481.776,00 денари. Се работи за залиха на гуми набавени за потребите на специјалните пајак возила.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 31.03.2022година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 34.596.738,00 денари.

Побарувањата од купувачите изнесуваат 17.651.206,00 денари. Нивна наплата се врши тековно во наредните пресметковни периоди.
Тужени побарувања има на износ 2.848.781,00 денари. Истите, во најголем износ проилегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.
Побарување од влезно ДДВ бележиме на износ 803.500,00.Овој износ ќе се пребие со обврската за излезно ДДВ заклучно пресметковниот период за пресметка на ДДВ.
Евидентирани се и побарувања по основ платени аконтации за данок на добивка на износ 2.260.915,00 денари како и даноци и придонеси од плата на вработени на износ од 572,00 денари.

Побарувањата од вработените се на износ 224.050,00 денари и во најголем дел се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи и паркомати , надминати телефонски лимити на службени телефони, исплатени надоместоци од плата и придонеси од плата, финансиски кусок од дневен промет .

Побарувања по основ на штети од осигурителна компанија бележиме износ од 4.888,00 денари .
Побарувања од кредитни- дебитни картички на износ 61.89100 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 504.517,00 денари кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци од платени такси на нотари и извршители 446.611,00 денари, осигурување 3.880,00 , чип картички на износ 9.001,00 денари, претплата за радиофрекфенции 206,00 денариа а остатокот од 44.619,00 отпаѓа на нереализирани трошоци за службен пат.

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски, претпријатието севкупно должи 57.507.124,00 денари. Од овој износ, 45.763,00 отпаѓа на обврска за извршена услуга за подигање на возила од зелена површина со комунален инспектор, 11.113.569,00 отпаѓа на обврски кон добавувачи,обврска за ДДВ за м.03 на износ 3.481.140,00 денари,обврска за надоместоци на членови на управен и надзорен одбор на износ 312.300,00 обврска за бруто плата на вработените за месец Март на износ 11.099.732,00 денари, обврски за аванси 51.040,00 денари , обврски по основ договор на дело 22.938,00 денари, обврски за данок од доход по основ на други лични примања и закуп кон физички лица на износ 18.718,00 ден. Во групата на краткорочни обврски најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје која изнесува 31.361.924,00 денари.

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 10.277.248,00 денари.

По основ извршени плаќања за услуга паркирање, а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период, бележиме износ од 2.757.505,00денари. Други одложени приходи по основ претплати имаме на износ 281.536,00 денари.

По основ субвенции и донации од основачот Град Скопје доделени во опрема и пари, наменски, за набавка на опрема, белжиме одложени приходи на износ 7.006.778,00 денари. Износот од 231.429,00 денари се однесува на пресметани а неплатени услуги во нареден пресметковен период .Се работи за обврски за закуп за месец февруари и месец март по основ договор за стопанисување со паркингот 8-ми Септември .

# ЗАКЛУЧОК

Во првиот квартал од годината односно периодот 01.01.2021-31.03.2022 година претпријатието оствари позитивен финансиски резултат - Добивка на износ од 6.441.439,00 денари.

Работењето на претпријатието во изминатот период е успешно бидејќи забележуваме зголемување на оперативните приходи од дејноста паркирање.

Како резултата на незадоволителната соработка со МВР претпријатието бележи пад на приходите кои ги остварува од непрописно паркирани возила. Во месец март оставрена е соработка со комуналните инспектори на Град Скопје со цел спречување на оштетување на зелените површини од несовесните возачи кои непрописно ги паркираат возилата.

Исто така во претпријатието навремено се подмируваат тековните обврски како што се : обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн. Се внимава на висината на трошоците што се нужни во тековното работење со цел заштеда секаде каде процесот на работа дозволува.

Очекуваме претпријатието да ги одржи и подобри резултатите од своето работење и во периодот што следи.

*ИЗРАБОТИЛ:*
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
В.Д Директор,
М-р Бојан Христовски